РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР УП-1-10-1
11.01.2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за унапредување на родова еднаквост Акција Здруженска, ул. Никола Тримпаре бр.12/1-12, Скопје со број УП-1-10-1 од 03.01.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 10.01.2023 го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Здружение за унапредување на родова еднаквост Акција Здруженска, заверено под број УП-1-10-1 од 03.01.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение за унапредување на родова еднаквост Акција Здруженска,, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 03.01.2024 година заверено под број УП-1-10-1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: Дали општината има организирано консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 г.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира дека, во 2023 година **нема** организирани средби со граѓани за планирање на програми и буџет за 2024 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН